**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-244/5**
**29.03.2023 год.**
**РАНКОВЦЕ**

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-244/1 од 01.03.2023 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со намена Е 1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект со намена Е 1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект со намена Е 1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број 0801-746/22 од март 2023 година, изработена од од „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0090.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-244/1 од 01.03.2023 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со намена Е 1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, Општина Ранковце со тех. број 0801-746/22 од март 2023 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено на нотар Мартин Божиновски во Куманово под број УЗП 8293/2022 од 02.12.2022 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект со намена Е 1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија – 35КВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Гиновци, Општина Ранковце;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-159-3/22 од 28.03.2023 година, изработен од ТДГР „Ленд Кад Инж." ДОО Скопје.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-13/2023 од 28.03.2023 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на УПС Гиновци со тех.број Y29816 од јануари 2017 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот за изработка на УПС Гиновци издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 64/2017 од 02.02.2017 година.
7. Услови за планирање на просторот за инфраструктури за пренос на електрична енергија-35кВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Гиновци, Општина Ранковце со тех.број Y56622 од февруари 2023 година изработени од Агенција за планирање на просторот;
8. Решение за услови за планирање на просторот за инфраструктури за пренос на електрична енергија-35кВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Гиновци, Општина Ранковце издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 230/2023 од 23.02.2023 година;
9. Извод од УПВНМ Гиновци бр.22-41/2 од 12.01.2023 година, издаден од Општина Ранковце;

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2023.03.29 09:13:38 +02'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2023.03.29 09:14:25 +02'00'